ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-2501/5
18.06.2026 год.
СКОПЈЕ

# Формулар за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план Градска Четврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар-Скопје (плански период 2025-2030), нацрт план Тех. бр.0801-565/24 од јуни 2026 г. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Градоначалник на Општина Центар – Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Центар – Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ<br>Работен тим:<br>Бојан Муличковски, диа, овластување бр.0.0070, планер потписник<br>Елена Спасеска, миа, овластување бр.0.0730, планер |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ СКОПЈЕ<br>Булевар „Илинден" 107/17 Карпош, Скопје<br>тел/факс 02 3083575 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| - Усогласување на деталниот урбанистички план со планот од повисоко ниво - Генералниот урбанистички план на град Скопје, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година;<br>- Реализација на Програма за урбанистичко планирање на Општина Центар – Скопје |
| Дали се донесува нов плански документ или се врши измена на постојниот? |
| Се носи нов плански документ. |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Постапката за изработка и донесување на овој плански документ започна како постапка за замена на стариот плански документ (блок 9 од) ДУП Тасино Чешмиче 1, Општина Центар - Скопје, донесен со Одлука бр.07-4414/6 од 18 јули 2014 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје", бр.9 од 19.08.2014 година) поради усогласување со планот од повисоко ниво.<br>Постапката за изработување и донесување на ДУП Градска чеврт Ј 05 – Барутана, Општина Центар - Скопје се смета за започната со влегување во сила на Решението за одобрување на Планска програма за изработка на ДУП Градска четврт Ј 05 – Барута, Општина Центар – Скопје со бр.09-905/5 од 4.04.2025 година.<br>Меѓутоа по отпочнување на постапката, стариот плански документ беше укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.119/2024 од 24.12.2025 година и поради тоа се смета дека се носи нов плански документ, а не се врши замена на важечки плански документ. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| ДА / Урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за |

кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).

ДА
Член 3 точка 13

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина? Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

НЕ

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

ДА / 6.89 ха / локално значење

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Деталниот урбанистички план претставува основен развоен документ и има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот,
- оформување препознатлива амбиентална целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и надградување на пејсажните вредности,
- оформување културен пејзаж,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки за заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,

да ги утврди параметрите и насоките за изработка на соодветна Урбанистичко Планска и Проектна документација од пониско ниво, согласно важечката законска регулатива, кои ќе се изработуваат согласно од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), како и да ги пропише општите и посебни услови за градење, преку параметри кои се потребни за изработување соодветна понатамошна проектна документација за изградба.

При планирање на сообраќајната инфраструктура потребно е да се почитува планираната улична мрежа со ГУП на Град Скопје (2012-2022) за Четврт Ј 05 и на истата да се надоврзе секундарна улична мрежа и отворени јавни паркинг простори. На тој начин ќе се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот во рамките на планскиот опфат и ќе биде обезбеден сообраќаен пристап до сите планирани градежни парцели. Обврска е да се реализира пристап до секоја градежна парцела со цел да се постигне можна реализација.

Потребно е да се пристапи кон планирање на одржлива урбана мобилност, што претстава нов концепт за планирање на урбаниот транспорт во кој се применуваат постојните практики на планирање, но се вклучуваат и принципите на партиципација, интеграција и евалуација. Планирање кое ќе се базира на визија и со фокус на луѓе и места и чија примарна цел е обезбедување пристапност и квалитет на живот.

| |
|---|
| Обезбедување на доволна површина во средината од секоја единица на соседството со неизградена земја на која ќе може да се подигне зелена инфраструктура од парковски тип, како и заштитно зеленило и урбана опрема;<br>Планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро. Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), согласно со планираните параметри за водоводната и канализациската мрежа. За снабдување со електрична енергија ќе се користат постојните трафостаници и ќе се предвидат и локации за нови трафостаници доколку има потреба, а во согласност со барањата на надлежните субјекти.<br>Просторниот развој треба да цели кон хармонизација на просторот, што треба да се уреди со посебните плански одредби. Планирањето на големината на градежните парцели, површините за градба, висините на градбите, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на дворните места околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање како и останатите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на планскиот зафат.<br><br>Посебни цели на деталниот урбанистички план се:<br><br>- одржливоста на планираните структури треба да се обезбеди со принципите на компактниот град, што подразбираат помал процент на изграденост што ќе се постигнува со повисоки градби со помало зафаќање на земјиштето под објект,<br>- високиот еколошки стандард на планираниот блок треба да обезбеди физичко и просторно продирање на зелените инфраструктури од градскиот парк длабоко во средиштата на сите единици на соседство,<br>- планските одредби треба да овозможат висока флексибилност во реализацијата на планот со употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на метрополитенска диверзификација на намените, и<br>- доколку е потребно, а за остварување на флексибилноста и физибилноста на деталниот урбанистички план, обезбедување на детална регулација и парцелација на просторот што ќе го употребува инструментот на рамковни површини за градење и заштитни максимални урбанистички параметри, додека деталното планирање на внатрешните простори на градежните парцели – заедно со идејните проекти за градбите – ќе се уреди со урбанистички проект<br>- при изработка на плановите од пониско ниво важат општите услови од ГУП на град Скопје (2012-2022) (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г)<br>- при изработка на плановите од пониско ниво да бидат почитувани сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Урбанистичко планирање |
| Период за донесување на планскиот документ |
| 2025-2030 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Градската Четврт Ј05, како што е одредена со ГУП на Град Скопје 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г).
Истата се движи како што следи:

- Од север: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно" – профил според ГУП на град Скопје (2012-2022);
- Од исток: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно" – профил според ГУП на град Скопје (2012-2022);
- Од југ: по граница на плански опфат на на ГУП на град Скопје (2012-2022);
- Од запад: по оска на Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно" и граница на плански опфат на ГУП на град Скопје (2012-2022).



| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ? | X | |
| Дали е приложена копија од целите? | X | |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Не се очекуваат значителни промени на потенцијалните влијанија врз животната средина. Станува збор за плански опфат со историја на урбанистичко планирање со генерални и детални урбанистички планови, со постоечка урбана структура и делумно реализирана инфраструктура.<br><br>Опфатот на планот се дефинира со постоечки изграден градежен фонд со 50 градежни парцели, од кои 32 парцели се активни, а 18 се задржуваат во постојна состојба.<br><br>Планот се однесува на уредување и доразвивање на постојниот урбан простор, без воведување на нови наменски содржини со висок еколошки ризик.<br><br>Согласно Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012), во опфатот се предвидуваат намени од типот домување, јавни функции, како и зелени површини. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | За опфатот постоеше важечки ДУП Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје (блок 9), донесен со Одлука бр.07-4414/6 од 18 јули 2014 година кој беше укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.119/2024 од 24.12.2025 година.<br>Опфатот е целосно опфатен со ГУП на Град Скопје, донесен со Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година.<br><br>Планот претставува усогласување и доуредување на просторот, без создавање на дополнителни оптоварувања врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | Со планската документација се предвидени мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина (квалитетот на воздухот, квалитетот на почвата, заштита од бучава), мерки за справување со |

| | |
|---|---|
| | климатските промени, мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, мерки за заштита од разурнувања, мерки за заштита и спасување од природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, пожари и други), мерки за заштита од спасување од поплави, како и мерки за озеленување на населбите и нивната околина и други плански одредби и мерки за остварување на целите на генералниот урбанистички план што произлегуваат од доставените податоци, согласно важечката законска регулатива.<br>Не се идентификувани значајни ризици. Напротив, донесувањето на детална планска документација (бидејќи во моментов нема) ќе овозможи уредување на просторот, во согласност со барањата на надлежните субјекти. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Влијанијата се од локален карактер и се ограничени во рамки на планскиот опфат (6.89 ха).<br><br>Планскиот опфат претставува урбана средина со постоечка и планирана инфраструктура, со директно влијание врз локалното население (макс. дозволен број број на жители /корисници во блокот - 155).<br><br>Опфатот на планот е делумно изградена и делумно урбанизирана четврт дел уредена со претходен плански документ:<br>- ДУП Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје, донесен со Одлука бр.07-4414/6 од 18 јули 2014 година (Блок 9) |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| - Обезбедување на услови за изградба и функционирање на јавните институции;<br>- Создавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.;<br>- Обезбедување повисоки стандарди за секундарнатата сообраќајна мрежа;<br>- Подобрување на условите за живеење;<br>- Економски развој усогласен со просторните можности |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: |
| Се работи за опфат на план во кој дел од опфатот е со долгорочна историја на урбанистичко планирање, со делумно изграден градежен фонд. Самиот опфат се наоѓа во непосредна близина на центарот на главниот град, од една страна и парк шумата Водно од друга страна.<br>Во овој опфат со претходните плански документации, а и со овој нацрт план се предвидуваат намени: А1 – Куќи за домување, В2 – Здравствена и социјална заштита, В5.6 – други верски објекти, В7.3-Полициска станица, Д1 – Парковско зеленило, Д2 – Заштитно зеленило, Е-инфраструктури од кои позначајно е да издвојат: Е1.5 Резервоар и Пумпна станица за потребите на ЈП Водовод и канализација – Скопје, како и водени површини (отворени канали) со заштитни појаси за одржување на водотеците. За нерегулираните водотеци потребно е да се планира регулација според претходно изработена Хидролошка студија согласно Законот за води.<br>Тоа се најголемите вредности, а воедно и ранливости на областа. |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во рамки на планскиот опфат не се евидентирани заштитени природни подрачја, ниту регистрирано културно наследство.<br><br>Во рамките на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br><br>Сепак, доколку при изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Сл. весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18, 42/20, 224/20). |
| Надминување на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности | Нема |
| Интензивна употреба на земјиштето | Површината на градската четврт изнесува 6,40 ха до регулациони линии и граница на плански опфат на ГУП; и 6,89 ха до оски на сообраќајници и граница на плански опфат на ГУП. Во неа планирани се 50 градежни парцели; вкупна бруто развиена површина е 37.708 m²; просечен бруто коефициент на искористеност 0,55; просечен процент на изграденост 17%. |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите | |
| Планскиот документ рамките за спроведување ги поставува согласно одредбите од: Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26), условите од ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г.) и друга релевантна законска регулатива. | |
| Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти) | |
| Планскиот опфат се наоѓа во непосредна близина на парк шумата Водно, но не е во рамки на заштитеното подрачје, ниту пак непосредно се граничи со него (Одлука за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V-заштитен предел (Службен весник на РСМ" бр. 195/21).<br>Планот предвидува реализација и задржување во постојна состојба на објекти со следните намени: : А1 – Куќи за домување, В2 – Здравствена и социјална заштита, В5.6 – други верски објекти, В7.3-Полициска станица, Е1.5 Резервоар и Пумпна станица, како и земјиште со намена: Д1 – Парковско зеленило, Д2 – Заштитно зеленило и Е-инфраструктури. Овие намени и обем на градење се речиси неизменети споредено со | |

| |
|---|
| претходните плански документации и следствено, не се очекуваат дополнителни влијанија врз животната средина. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој<br>(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови) |
| Изработката на планскиот документ за оваа четврт со специфични природни чинители ќе придонесе да се предвидат соодветни инфраструктурни решенија, мерки за заштита и севкупно планско ограничување на градењето во согласност со стандардите и инфраструктурните можности.<br>Дополнително, со новата законска регулатива се предвидува и пропишување мерки за справување со отпадот, како и мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот. Во планската документација е вграден и Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија, број 11/18, 42/20, 224/20).<br><br>Системот на просторното и урбанистичкото планирање служи за уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби, а нивното остварување се обезбедува низ континуираниот процес на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на плановите (член 3, став 2, Закон за урбанистичко планирање) |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали) |
| |
| - Теренот се одликува со големи висински разлики во правец од југ кон север и котата на теренот се движи помеѓу највисоката точка на кота 374.59 мнв во подножјето на планината Водно до најниската на постојната кота на улица Тодор Александров, 316.38 мнв.<br>Задолжителна мерка за заштита и спасување која треба да се разработи во планската документација, согласно планската програма, е за опасноста од ерозија.<br>- Поради поставеноста на подножјето на планината Водно во локалитетот има евидентирани повеќе изведени регулирани отворени и затворени канали за одводнување, кинети како и попречни објекти - прагови за намалување на кинетичката енергија и за задржување на наносот, заведени и во катастарска евиденција со култура канали, за кои во согласност со барањата на надлежните субјекти во чија надлежност се, треба да се предвиди соодветен третман и да се утврдат мерки за заштита.<br><br>Спроведувањето на планскиот документ ќе ги реши проблемите во опфатот преку изведба на планирана нереализирана или замена на застарена инфраструктура, како и проблеми со сообраќајното решение. Ќе се обезбеди и повисок стандард на урбаното зеленило. Донесувањето и спроведувањето на планскиот документ ќе одигра улога и во справување со опасноста од поплави и ерозија. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |
| План од повисоко ниво е Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година.<br><br>За планскиот опфат на предметниот детален урбанистички план до 24.12.2025 година (кога беше укинат со Одлука на Уставен суд У.бр.119/2024) во важност беше дел од ДУП Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје, донесен со Одлука бр.07-4414/6 од 18 јули |

| | |
|---|---|
| 2014 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје", бр.9 од 19.08.2014 година), поточно Блок 9. Причината за укинувањето не е содржинска (не се однесува на планското решение), туку процедурална.<br>Планскиот опфат има историјат на покриеност со планови со генерална и детална регулација. Планскиот опфат на ДУП Градска четврт Ј05 – Барутана, Општина Центар – Скопје речиси во целост се совпаѓа со планскиот опфат на Блок 9 од ДУП Тасино Чешмиче 1, Општина Центар – Скопје. Отстапките се во насока на мало намалување, на ниво на технички отстапки.<br>Развиената површина за домување во споредба со претходната планска документација е дури и намалена и следствено, не се очекуваат дополнителни влијанија врз животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. | |
| За опфатот на планскиот документ донесен е Генерален урбанистички план на град Скопје со плански период 2012-2022 во 2012 година за кој е веќе спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.<br><br>Согласно член 28 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (според кој е изработен ГУП на Град Скопје 2012-2022), стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува при донесување на генерален урбанистички план, а при донесување на детален урбанистички план **само доколку не била спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето при донесувањето на генералниот урбанистички план врз** основа на кој е изработен предметниот детален урбанистички план.<br>Актуелниот Закон за урбанистичко планирање согласно кој се изработува предметниот детален урбанистички план не го третира спроведувањето на Стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина) | |
| Во опфатот на планскиот документ кој се наоѓа на територијата на Општина Центар се предвидува изградба на мал број нови објекти, но за истите не е утврдена потреба за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. | |
| ИЗЈАВА | Потврдувам дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Центар – Скопје<br>Горан Герасимовски<br>_______________________ |
| Датум<br><br>____________ година<br>Скопје | М.П. |